## ГРЧКА ХЕЛСИНШКА МОНИТОРИНГ - ГРУПА ЗА ПРАВАТА НА МАЛЦИНСТВАТА - ГРЦИЈА

## НИЕ КОИ НЕ ПОСТОИМЕ

Интервју со **Павле Воскопулос**, портпарол на партијата Виножито на македонското малцинство во Грција, направено една недела по европските избори од 13 јуни 1999.
**Клучни зборови:** Виножито, етнички Македонци, малцински прашања, Грција.

*Прашање:* Што значеше за Виножито учеството на овие избори? Кои беа вашите цели и до кој степен ги остваривте?

*Одговор:* Најпрвин дозволете ми да кажам дека ми е многу мило што го давам ова интервју, затоа што чувствувам дека разговарам со некого кој е особено свесен за малцинските и демократските прашања. Сега да одговорам на Вашето прашање. Дозволете ми да започнам со тоа што ќе кажам дека многу размислувавме за тоа дали да учествуваме или не на овие избори, особено имајќи предвид дека војната во Косово траеше веќе два месеци. Причината не се состоеше во тоа дали ние треба да го искажеме нашето мислење во однос на сите прашања, туку во тоа дека и на локално и на национално ниво малцинските прашања се табу. Голем сегмент од јавното мислење, голем дел од јавноста, е, во најдобар случај, неинформиран, а во најлош, полн со предрасуди.

Сите знаеме за хиперсензитивноста на Грција во однос на малцинските прашања: доколку зборувате за малцинствата во Грција, кога се работи за грчките националисти, вие зборувате за проблеми кои создаваат други проблеми. А кога имавме проблем со малцинството на Косово, опресијата на Албанците, интервенцијата од страна на меѓународната заедница, УЧК и земајќи го предвид фактот дека каква било јавна активност од наша страна доведува до огромна реакција од страна на националистите, ние сериозно размислувавме дека доколу учествуваме би можеле да создадеме проблеми, дека би можеле да бидеме сфатени како екстремисти. Едно вообичаено обвинување би можело да биде: "Гледате што прават ´Скопјаниве´? Погледнете што се случува на Балканот, на Косово, а сето тоа се прелева и во Грција за да ја дестабилизира ситуацијата и така натаму".

Ние исто така имавме на ум дека масовните медиуми нé замолчуваат. Од 1994 година, од почетокот на нашето работење како организација, никогаш не сме имале вистинска можност, не само да ги презентираме нашите проблеми туку и да им покажеме на луѓето дека не сме чудовишта.

По внимателно размислување и дискусија заклучивме дека како организација и како партија ние мораме да ги искажеме нашите мислења и во вакви тешки времиња, и решивме дека ќе учествуваме на европските избори за да ги убедиме луѓето дека малцинствата исто така имаат што да кажат, дека и тие имаат свое мислење.

Нашата финансиска ситуација е далеку од розова. Започнавме со делење на нашата програма лично, среќавајќи се во кафеани, главно во северна Грција, се разбира, во областите каде што живеат етнички Македонци. Бевме многу внимателни, па така никогаш немавме сериозни проблеми, освен некои изолирани реакции во вид на вербални напади. "Вие сте Скопјани, вие ќе правите проблеми" или нешто во тој стил. Но во повеќето случаи, иако се појавувавме јавно, имавме можност да разговараме за нештата, наидувајќи на добра волја и на тој начин да ја пренесеме нашата порака.

*Прашање:* Постојат групи и партии во Грција, особено кај левицата, кои понекогаш ги признаваат Македонците како посебен сегмент од населението и за нив користат посебен термин. Комунистичката партија на Грција нив ги нарекува *билингвални,* на пример, други ги нарекуваат *луѓе кои говорат словенски* или *Славомакедонци* и така натаму. Но повеќето од нив говорат за одделен лингистички и историски, а не за посебен етнички идентитет. На крајот, дали Македонците се само лингвистичко малцинство или тие се исто така и етничко малцинство?

*Одговор:* Многу добро прашање! Целиот проблем се сведува на недостаток на информации. Затоа што и ние сме производи на грчкиот образовен систем, ние сме експериментални "деца од епрувета", без оглед на тоа дали имаме различна национална свест. Затоа можеме да мислиме и да чувствуваме онака како што го прави тоа просечниот Грк. За жал, просечниот Грк е под импресија дека живее во етнички "чиста" нација. Просечниот граѓанин или не знае или пак никогаш не се запрашал што е тоа национална држава, никогаш не помислил дека националните држави не постоеле отсекогаш, дека пред три стотини години поимот *нација* не значел она што значи и денес, тие никогаш не помислиле дека националната држава претпоставува одредено ниво на производни односи и организација на општеството. Просечниот Грк гледа во огледалото, но наместо неговиот вистински лик, тој се гледа себеси со шлемот на Перикле, држејќи го копјето на Леонидас, носејќи ја фустанелата на Колокотронис, а во последните неколку децении тој го јава коњот на Александар Велики.

Овие предрасуди го спречуваат да го види и, следствено, да го толерира постоењето на граѓани со различен етнички идентитет во неговата земја. Како се здобиле со различна национална свест е прашање за кое би можеле да дискутираме со часови. Ние го почитуваме правото на самоопределување. Сите држави на Балканот имаат малцинства, како Грците во јужна Албанија, на пример, кои се граѓани на Албанија, но со грчка национална свест, а на истиот начин во Грција постојат луѓе со различна национална свест. Митот на "историскиот континуитет на грчката раса" ги ослепува луѓето кога се работи за најочигледни нешта. Зошто Турците во западна Тракија би требало да се нарекуваат *муслимани*, а не Турци, доколку се чувствуваат така? На истиот начин, нели Грците во Албанија треба да се нарекуваат *албански христијани*? Ова е начинот на кој идентификацијата на раѓањето на модерната грчка држава со древна Грција и Византија ги тера луѓето да живеат внатре во националните граници за да станат Грци.

Сега дали Македонците се лингвистичко, историско или етничко малцинство. Па, тие се сите три нешта. Најпрвин, тие се лингвистичко малцинство: една кратка посета на областите Едеса и Флорина (Воден и Лерин - заб. прев.), дури и на селата околу Солун, е доволно да ве убеди дека постојат луѓе кои зборуваат сосема различен јазик, македонски јазик. Тоа не значи дека сите тие имаат македонска свест. Тие можат да имаат грчка национална свест или да немаат воопшто национална свест. На пример, голем број стари луѓе, доколку ги прашате: "Што е тоа нација?", нема да можат да ви кажат. Националната свест мора да биде вградена во мозокот: државата е таа која ја создава националната свест. Доколку некој би растел во отсуство на држава, сигурен сум дека тој не би имал национална свест. Следствено, кога се работи за Македонците кои зборуваат "словенски", населението има одделен лингвистички идентитет - дел од него има македонска свест, дел има грчка свест (што се должи главно на политиката на политичка асимилација од

страна на грчката држава, а не на нивниот сопствен слободен избор), а некои од луѓето сé уште се бараат себеси!

*Прашање:* Веќе сто години, од почетокот на нивната борба за национална еманципација, Македонците историски се поврзувале со идеалите на левицата и работата со комунистичките движења во земјите кои ги опресирале како етничка група. На пример, илинденците кои се бореле за да ја добијат султановата земја имале поддршка меѓу селанството и следеле меѓународна стратегија, Влахов и неговата соработка со социјалистичката Федерација и подоцна со титовите партизани, комунистичката партија на Грција и Демократската армија и нивна соработка со НОФ и СНОФ итн. Денес, сепак, македонското малцинство очигледно очекува понепосредни, повидливи резултати од Европската унија, а не од солидарноста на левицата и трудовото движење во Грција. Како дојде до оваа ситуација?

*Одговор:* Најпрвин, морам да го изразам своето несогласување со тоа дека Виножито очекува повеќе од Европа а помалку од грчката левица. Тоа не е така. Да почнеме од почеток. Најпрвин, ние веруваме дека малцинските прашања се прашања кои мора да бидат разрешени од страна на целото општество, тие се суштински за политичката демократија во земјата. Дури и да постојат дваесет или педесет етнички свесни Македонци, тоа не значи дека ние сме го решиле проблемот на толеранција и на признавање на нашите права, како и почитување од страна на грчкото општество. Тоа е проблем кој може да биде решен само од општеството во целина. Грчката левица е дел од ова општество, тоа е сигурно. Како што нагласивме, во минатото постоеја одлични примери на етнички Македонци, етнички Грци и други кои исто така работеа и се бореа под истото знаме за истата кауза, а кога беше потребно тоа, тие и гинеа за истите тие идеали.

Но, она што го видовме во последниве децении е дека грчката левица, а зборувам особено за Комунистичката партија на Грција (не толку вонпарламентарната левица, која ни даде добар пример за однесување и став кон малцинските прашања), која не е во ништо поинаква од која било буржујска партија кога се во прашање етничките проблеми. Затоа што клучот на тоа дали некоја партија е навистина демократска, лево ориентирана, вистински интернационална, е токму ставот кон етничкото прашање во Грција. Мислам, Папатемелис вели: "Господине, вие сте Скопјанец, вие не постоите" и ве удира веднаш по главата. Комунистичката партија вели: "Ајде да пронајдеме решение, да, сфаќам што велите, хм, да пронајдеме некоја географска дефиниција или некаква друга дефиниција", итн, итн. Мислам, што прават тие? Ве потценуваат. Обете страни користат различни средства за истата цел. Тоа е причината зошто ние сме приморани многу често да се свртуваме кон европските движења, бидејќи сметам дека буржујските демократии во Европа се неколку децении понапред во однос на овие прашања. Пред педесет години, на пример, Германците и Французите се колеа едни со други заради територијални прашања. Алзас беше на германска територија една минута, а во следната на француска. Денес, Германците и Французите се главните носители на европската идеја, колку и да е тоа непријатно за грчката левица.

За нас, обединета Европа е единствениот избор, затоа што веруваме дека гледиштата и принципите на европско ниво во однос на малцинските права се дефинитивно понапреднати отколку што се во Грција. Јас верувам дека прашањата кои ние ги поставуваме ќе бидат решени со европеизација на Грција. Сега, доколку грчкиот пасош за пристап кон оваа обединета Европа е економскиот стандард,

намалената инфлација и одреденото ниво на просперитет кое може да се спореди со она на западните земји, визата во тој пасош ќе го отсликува однесувањето на грчката држава во однос на малцинските прашања и прашањата на почитување на другите социјални групи кои се дискриминирани.

На пример, како Грција ги третира имигрантите? Како е можно еден Албанец или кој било странски работник да добива половина од дневницата која ја добива еден Грк? Зошто се дозволува тоа? И зошто тие не се осигурани? Доколку се разболат, зошто да не можат да одат во болница? Верувам дека сите овие проблеми ќе започнат да се разрешуваат преку европските институции. И уште нешто. Ние работиме со грчката левица. Учествувавме во последните избори со ОАККЕ. Можете да имате секакви приговори на идеолошка основа, но третирањето на проблемите на малцинствата од страна на ОАККЕ е за пример. И токму затоа ние добро соработувавме на изборите, со заедничка платформа. Тоа беше желба од наша страна да покажеме дека сакаме да соработуваме. Ние Македонците нема да бидеме скриени во нашата школка, како сликите на Индијанците, со нашиот мал различен јазик и нашите танци и музика, да ни доаѓаат секакви истражувачи и да не гледаат како си ги чуваме фолклорот и традициите. Не, еднаш засекогаш, не! Виножито и македонското малцинство ќе ја играат својата улога на грчката политичка сцена, а директната цел е обезбедувањето вистинска демократија во Грција.

*Прашање:* Кои се следните политички иницијативи кои ќе ги преземе Виножито? Освен потезите од страна на водечкиот кадар, дали тоа ќе вклучува и јавни кампањи? Митинзи? Дали ќе започнете со повторно објавување на "Нова зора"? Што понатаму?

*Одговор:* Да започнеме со фактот дека скоро сите масовни медиуми ни удираат студен туш сите овие години. Ќе ви дадам типичен пример. "Елефтеротипија" објави извештај од Такис Диамандис, во кој тој споменува некои изјави направени од страна на македонскиот министер за надворешни работи, Димитров, при посетата на Канада. Тоа беше во април 1999, значи неодамна. Извештајот вели дека Димитров, обраќајќи им се на македонските емигранти, им ја испратил следнава порака: "Ние мораме да се бориме за обединета Македонија". Ние веднаш реагиравме, испраќајќи соопштенија до медиумите, до "Елефтеротипија" и другите весници, осудувајќи ги таквите изјави. Ние, како Виножито, го осудуваме македонскиот иредентизам. Но ништо не беше објавено во медиумите! Кога соопштенија, какво што е и ова, не стигнуваат до јавноста, можете да си замислите што се случува со прашања какви што се оние за македонскиот јазик, за случаите кога на одредени лица им се одзема државјанството затоа што тие "не се од грчко потекло", за случаите на полициски притисок и насилство...

Се разбира, ние ја имаме "Нова зора" како наш орган, но таа не излегува веќе една година поради објективни тешкотии. Тоа се финансиите, но исто така и фактот дека не сме ни сакани од страна на другите партии, работиме поспонтано, со одреден број волонтери. Нашите активности се толку големи во последно време што тие не можат да се водат на аматерски начин, за нив треба професионалност која ние ја немаме. Повторно ќе ја оживееме "Нова зора" и сериозно размислуваме за отворање радиостаница, што би ни овозможило директен контакт со луѓето и би ни овозможило да им го објасниме она што го правиме. Тоа е број еден. Број два, ние имаме намера да работиме на засилување на нашите врски со грчките демократи, тоа е клучно за нас поради тоа што грчкиот национализам нè фрла во изолација. Ќе

учествуваме, колку што ќе можеме, на секој состанок на кој би можеле да зборуваме за нас и за прашањата поврзани со мирот, демократијата и малцинствата во Грција.

*Прашање:* На кој начин ќе се борите за тоа македонскиот јазик да биде признанен и да биде вклучен во образовниот систем?

*Одговор:* Просечниот Грк треба да сфати дека разликата е главната причина на прогресот, на национално и на кое било друго ниво. Можете ли да замислите еден член од грчкото малцинство во Албанија да не е во состојба да го чита Сеферис или Елитис, да не е во состојба да пишува поезија на неговиот мајчин јазик? Дали е добро за албанското општество да има контакт со грчкиот јазик и култура преку грчкото малцинство таму? Дали ние не би протестирале доколку би биле присилени да читаме само албански поети и писатели? Дали истите стандарди треба да се применуваат и врз македонското малцинство во Грција?

И дозволете ми да појаснам. Ние не сакаме да воспоставиме паралелен образовен систем и да се затвориме во гето. Не, господине! Македонското малцинство нема да ги направи истите грешки како ОНА, ниту пак како Албанците во Тетово, кои сакаат паралелен образовен систем. Во ова време, ние сме среќни доколку отидеме да студираме во Америка, на пример, или во Англија, ми изгледа дека тоа секој да бара универзитетско образование на неговиот или на нејзиниот малцински јазик е оправдување, барем на Балканот, за иредентистички тенденции, сецесионистички тенденции. Затоа ние веруваме дека македонскиот јазик треба да биде дел од грчкиот образовен систем на елементарно и на јуниорско ниво за сите кои сакаат да го научат.

*Прашање:* Дали имате намера да водите посебна кампања за напуштање на срамниот израз "од не-грчко потекло", кој беше применет на илјадници политички бегалци и на македонските емигранти во Австралија, на кои грчката Влада не им дозволи да се вратат во нивните села?

*Одговор:* Луѓето не знаат ништо во врска со македонските бегалци, било во Грција било во Европа. Сликите кои ги видовме од косовските бегалци, кои се избркани од нивните села, се повторување на она што се случи во македонските села во 1949. Пред 50 години постоеше етничко чистење, а ефектите се чувствуваат и денес. Што се однесува до економските емигранти кои не можат да се вратат, нивното државјанство им беше одземено според познатиот член 20. Мислам, што прави грчката држава? Во последните години, со оглед на релативната демократизација на грчката држава, многу Македонци станаа доволно храбри за да ги побараат своите права, државата најде друг начин да го замолчи малцинството: многумина македонски економски емигранти во Австралија, Канада и во Америка ги напуштија грчките цркви и организации и заминаа за да им се придружат на нивните македонски земјаци. Благодарение на редиците во конзулатите, грчката држава избира двајца или тројца Македонци од секое село, им го одзема државјанството и ги прогласува за персони нон грата, така што тие стануваат црни овци во нивните општества. Некој кому му е одземено државјанството не може да ја посетува Грција, а што е уште полошо, тие тоа го дознаваат дури откако ќе се симнат од авион во Атина или во Солун, тогаш ги враќаат. Вестите се шират во нивните родни села многу бргу, и така тие стануваат пример за она што нивните соселани треба да го одбегнуваат. Пораката на грчката држава значи гласи: "Секој кој им се приклучува на македонските организации, а не на грчките, ќе плати за тоа". Тоа го прави грчката држава последниве десет години.